СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. **02-1172/5**
Скопје, 09.12.2021 година

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, врз основа на член 27 ст. 2 т. 8 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Службен весник на РСМ бр.118/2021) чл.261, ст.2 и 3 од Законот за здравствена заштита *(„Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 20/19, 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19)* и член 6 од Правилникот за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници *(пречистен текст) бр. 02-922/6 од 29.09.2020 г.*, на својата **24-та седница,** одржана на ден **08.12.2021 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за**
**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СТРУЧЕН НАДЗОР**
**над работата на здравствените установи и здравствените работници**
**за 2022 година**

**Член 1**

Се усвојува ГОДИШНИОТ ПЛАН за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година и истиот е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

ГОДИШНИОТ ПЛАН за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2022 г., ќе се врши согласно одредбите од Законот за здравствената заштита и Правилникот за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници.

**Член 3**

Примерок од ГОДИШНИОТ ПЛАН за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2022 г., да се достави до Министерството за здравство на Република Северна Македонија, заради добивање на **согласност од министерот за здравство.**

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување, а спроведувањето на ГОДИШНИОТ ПЛАН за стручен надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници за 2022 година ќе започне по добивањето на согласност од министерот за здравство.

М.П.

**Стоматолошка комора на Македонија,**
**Претседател на Извршен одбор**
**д-р Мирлинд Селими**

ул „Балзакова" бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk